**Уп. бр. 08-33/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од 4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг, акционерско друштво со регистрирано седиште на Крисзтина корут 39, 1013 Будимпешта, Унгарија, доставено преку Адвокатско друштво Тошиќ и Јевтиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 09.03.2026 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која 4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг, акционерско друштво со регистрирано седиште на Крисзтина корут 39, 1013 Будимпешта, Унгарија, ќе стекне контрола над ХелиКонтрол Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на ул. Лехнер Одон фасор 3, 1095 Будимпешта, Унгарија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

# О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 06.02.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на 4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг, акционерско друштво со регистрирано седиште на Крисзтина корут 39, 1013 Будимпешта, Унгарија, со која 4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг ќе стекне контрола над ХелиКонтрол Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на ул. Лехнер Одон фасор 3, 1095 Будимпешта, Унгарија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг**, е акционерско друштво со главна дејност на холдинг компании.

4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг има едно поврзано правно лице во Северна Македонија, :

Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ МАКЕДОНИЈА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Црвена Вода број 7/3, 1000 Скопје, со приоритетна дејност– дејности на безжични телекомуникации.

**ХелиКонтрол Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг** е друштво со ограничена одговорност, со дејност на поправка и одржување на цивилни воздухоплови и вселенски летала.

ХелиКонтрол Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг врши деловни активности во обласга на одржување, поправка и генерална ревизија (MRO) на роторни воздухоплови и работи како организација за одржување одобрена согласно EASA Part 145, и како организација за обука и полагање испити одобрена согласно EASA Part 147. Нејзините активности опфаќаат базно одржување, генерална ревизија, модернизација и поврзани технички услуги за хеликоптери што се користат во цивилни, полициски и воени операции. Таа обезбедува услуги и за унгарските надлежни органи и за меѓународни оператори.

ХелиКонтрол Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг нема поврзани лица и нема остварено приходи во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**